# МАКЕДОНСКИТЕ ДРЖАВОТВОРНИ ПИСМА

**Уставното усогласување со теоријата на**

**„Василија – архитема на новото општество”**



**Зошто предлог за идното уредување на македонскиот уставен поредок?**

Ние како Македонци кои сме современици на првата половина од 21-виот век по Христа, сведочиме на брзи промени кои произведуваат големи кризи во меѓународните и општествените односи, од кои пак сите очекуваат воспоставување на преуреден меѓународен систем на тие односи поинаков од постојниот, кој настана по завршувањето на војната и победата врз Германија и Силите на Оската, од страна на Советскиот Сојуз и западните сојузници. Македонците пак кои беа современици на тие настани, сведочеа на возобновувањето на македонската држава преку АСНОМ, која беше уништена по смртта на Крал Марко - синот Волкашинов, односно Македонците одново станаа државотворен народ по петте века под османлиско ропство и по ропството и поделбата од Балканските војни, за да ние денес повторно сведочиме на систематското одземање на нашата државотворност преку срамната спогодба потпишана со Р.Грција во с.Нивици во околината на Преспа, потпишана наводно од „нашите“ „политички“ претставници, кои очигледно го прелажаа Македонецот, а уште поочигледно е дека се прелажаа дури и самите себеси. Оваа срамна страница од историскиот времеплов на Македонците, уште трае! И затоа останува на нас, односно останува на оние Македонци-современици на овие нешта, да го сопрат срамот и да го пренесеме искуството на идните Македонци што ќе дојдат и творат, преку тоа што ќе им оставиме друга, чиста страница без срам во времепловот, но со насоки поучени од искуството како да постапуваат во бурата, за да не бидат прелажани, измамени и ставени под ропството и тие! Општопознат податок и општоприфатена работа е дека македонската држава и македонското општество денес се под голема криза, се распаѓаат, и се ставени под знакот прашалник дали воопшто треба да постојат, односно ние сведочиме дека сме под **уставна**, **државна** и **општествена** криза од масивен размер:

А) под **уставна криза**, заради нелегитимниот и нелегалниот прекин на државно-правната доследност од АСНОМ на 27-ми април 2017-та година, која најпросто се изразува преку прекинатите стенограмски записи во Собранието, со нелегално прекинатата седница која се одржуваше под претседателството на Т.Вељаноски и која отпосле, по долго изминати денови на 31-ви мај 2017-та година отпочна под претседателството на противправно и нелегитимно избраниот Т.Џафери - криза и државно-правна недоследност којашто денес „Република Северна Македонија“ ја прави некоја нова творба без континуитетот на АСНОМ, НОБ и Илинденците, односно држава без државотворен народ и држава која не е на јасно дали таа воопшто претставува македонска; Б) под **државна криза**, заради новата етатистичка особина без државно-правна доследност и историска основа на „Република Северна Македонија“, којашто ѝ дава на оваа нова творба обичен технички облик без државотворен народ со слаб, можеби и непостоечки мотив, таа да се одржува и да опстои во налет на насилни и агресивни меѓународни односи; и В) под **општествена криза**, заради оставениот бришан простор, кој всушност претставува слободен простор без никакви утврдени јасни правила и обичаи, и кој најмногу се искористува од смртно загрозувачката корупција која се наметна како единственото нешто со сила во нашето општество.

**Зошто предлог за идното уредување на македонскиот уставен поредок како уставна монархија со непишан Устав од македонски тип?**

Можеби можат сѐ отстрана да ни порекнуваат дека постоело како македонско: и македонски народ, и македонска Црква, и македонски јазик, и македонска култура, и македонска традиција - можат да го порекнуваат било кој елемент на македонската самобитност - порекнување коешто во моментов и го прават; но не можат никако да порекнат дека некаде 8/7-ми век пред Христа, настанала државата Македонија, која била управувана од човек под титуларот „василевс“ и којашто во еден период станала „владетелката на светот“! Таа држава пропаднала по Битката кај Пидна. И од тие причини таквата македонска држава е историски најмногу оправдана да се возобнови и да постои во сегашноста, од сите други држави коишто постојат денес на нашиот Полуостров! Македонската славна државотворност, секогаш претставувала славна кога нејзиното државно уредување ѝ било монархиско, и кога државата била водена од силата и ресурсите ставени на управување од еден човек - монархот! Но попрецизно зошто ваков предлог за идното уставно уредување:

А) затоа што Македонија има многу **постара државно-правна доследност и традиција** од Илинденското Востание, **доследност од држави кои имале монархиско уредување** и доследност којашто е занемарена по АСНОМ од идеолошките причини; Б) затоа што периодите на (В)МРО и СРМ, имаат **републикански и масонски примеси и сфаќања - туѓи, неприродни и докажано нефункционални** во праксата за нашиот мислечко-политички склоп и постапка; и В) затоа што ние како **современи Македонци** сме **по род Македонци од древните времиња**, мнозински **со словенски јазик** како и мнозински **со Христијанската вера** - белези кои насочуваат дека треба за правно-политичкиот јазик да ги користиме заедно и соединети **црковнословенскиот** и **општиот (коине)** за званичната употреба, или нашата држава треба да е уредена како **монархија**, поточно **Василија**, а нашиот **монарх** да е именуван како **василевс -** како оставина и доследност од древните времиња, поточно носителот на оваа титула да може да биде **владетел на сите Македонци по род**, и на оние коишто не се дел од мнозинството, или коишто не се по јазик и вера со словенскиот јазик и со Христијанската вера, но нашиот **монарх** треба да е именуван и како **крал**, поточно носителот на оваа титула да може да биде **владетел на мнозинскиот дел на Македонците** - односно како оставина и доследност од последниот македонски монарх - Крал Марко. Дополнително мора да **укажеме и на историската пракса**, којашто нѐ учи дека владетелите со **целосно автократска и врховна власт** во своите раце **е ризик и опасност** - еден добар монарх може да го наследи друг лош монарх кој може да ја доведе државата во опасност и пропаст. Затоа не можеме да го именуваме нашиот монарх како „**василевс каи автократор**“ односно како „**крал и самодржец**“ - или да извршиме буквално пресликување на минатото! Туку бидејќи станува збор за предлог на идното уставно уредување како уставна монархија од македонски тип, носителот со најмногу власт и моќ може да се именува како „**крал и василевс**“, додека **врховната власт** да се предвиди како возможна и временски ограничена под **Агема**.

Зборот „василевс“ има мистично и неутврдено современо јазично значење, кој со сигурност знаеме од материјалните археолошки докази, но и од пишаните извори дека така бил именуван монархот на македонската држава во древните времиња. Можно е да означува „глас“, а државата нарекувана како „василија“ изведено од тоа значење како „гласило“! Друго толкување (М.Камиловски) е дека зборот означува „во сила“. И едното и другото толкување е на складно правно-политичко значење, затоа што званичните државни називи во предлогот како „Василија Македон“ и „крал и василевс на Македон“ ќе означуваат „македонскиот глас“ или „Гласилото на Македон(ците)“ и „крал и глас(ник)от на Македон(ците)“, или пак „Во сила на Македон(ците)“ и „крал во сила на Македон(ците)“!

## Правниот јазик и поимникот на оваа усогласување

**УСТАВЕН ИСКОН** НАМЕСТО ПРЕАМБУЛА: поттикнато од „Во почетокот беше словото“, од новозаветното Евангелие според Јован 1:1, каде на црковнословенскиот се јавува во оригинален облик како „Искони бѣ слово“, со значење „на почетокот“ или „во почетокот“. Односно означува „на почетокот на Уставот“ или „во почетокот на Уставот“.

**ДИЈАГРАМИ** НАМЕСТО АМАНДМАНИ: поттикнато од уставните конвенции коишто ги издавале василевсите на македонската држава од древните времиња, каде на општиот (коине) се јавувале во оригинален облик како „διάγραμμα“, со значење „шема“ или „план“. Односно означува „шемата на овој дел од Уставот“ или „планот на овој дел од Уставот“.

**ВАСИЛИЈА** НАМЕСТО РЕПУБЛИКА: поттикнато од стариот назив за државното уредување на Македонија, каде на општиот (коине) се јавувал во оригинален облик како „βασιλεία“.

**ДРЖАВЈАНИ** НАМЕСТО ГРАЃАНИ: со цел да се оттргне несоодветното значење во нашиот јазик, кој масоните и републиканците го наметнаа под мотивот на Француската Револуција, како и со цел да се оттргне предноста на градот во однос кон селото, или да добијат еднаков пристап во правно-политичкиот јазик.

**ЛАОКРАТИЈА** НАМЕСТО ДЕМОКРАТИЈА: со цел поставување во правно-политичкиот јазик на поимот кој вистински означува „владеење на народот“, изведен од општиот (коине) кој се јавува во оригинален облик како „λαός“, со значење „народ“. Малкумина се запознаени дека демократија не значи „владеење на народот“, туку означува „владеење на демите“, односно „демата“ претставувало мерка/количина за земјопоседништво, додека оние коишто ја исполнувале таа мера и количина во својата приватна сопственост, имале (им следувало) право да учествуваат во политичкиот живот во тогашниот град-држава (политеја) Атина, која имала воедно и робовладетелска економија.

**КРАЛ И ВАСИЛЕВС НА ДРЖАВАТА** НАМЕСТО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКАТА: поттикнато од старите називи за ословувањето на монарсите на македонската држава во древните времиња, и во средновековниот период, каде на општиот (коине) се јавувале во оригинален облик како „βασιλεως“, и каде на црковнословенскиот се јавувале во оригинален облик како „краль“. Средновековните македонски монарси имале и сложено званично ословување како онаа на Волкашин, кое гласело во полн облик како „Во Христа Бога благоверен крал“.

**СОВЕТ НА ПРИЈАТЕЛИ-ПОВЕРЕНИЦИ** НАМЕСТО ВЛАДА НА МИНИСТРИ: со цел да се оттргне латинскиот поим, како и да не настане лошо разбирање и значење во ословувањето, бидејќи „министер“ означува „слуга“, и согласно тоа погрешно би се извело во „Советот на слугите на кралот и василевс“. Слуги не треба да признаваме никому освен на Бога, па затоа „Совет составен од пријатели на кралот и василевс“, коишто се воедно и повереници на државата за одредена област од државен интерес, или одреден државен оддел како дел

од извршната власт. Поттикнато од стариот назив за министри на македонската држава од древните времиња, каде на општиот (коине) се јавувале во оригинален облик како „βασιλικοί φίλοι“.

<u>**ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО** НАМЕСТО ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО</u>: измена со цел во правно-политичкиот јазик, луѓето коишто ќе претставуваат дел од Собранието на Македонија, да бидат активни претставници на одредени идеи, мислења, ставови и решенија коишто ќе влегуваат во правниот поредок, спротивно на тоа што сведочиме денес, луѓе-пратеници да исполнат бројка или пратени немо да гласаат без критика и знаење од интересот што би требало да го претставуваат. Во предлогот за идното уредување на македонскиот уставен поредок се предвидени два типа на претставници во Собранието, „народните претставници“ како вид претставници од теоријата (одредена идеја, мисла, решение, идеологија кои произлегуваат од народот кој ги гласа) и „архонтските претставници“ како вид претставници од праксата, или на проблемите од секојдневието кои се јавуваат на општинските нивоа. Така законите ќе можат да се обликуваат под рамнотежата и под дијалогот помеѓу замисленото и возможното, и ќе се одбегне донесувањето на законите кои немаат всушност можност за нивната примена во пракса.

<u>**АРХОНТИ** НАМЕСТО ГРАДОНАЧАЛНИЦИ</u>: измена со цел во правно-политичкиот јазик, луѓето коишто ќе бидат градоначалници, да бидат и означуваат воедно и претставници на општините на коишто градоначелствуваат во Собранието. Поттикнато од стариот назив за првенците на градот, каде на општиот (коине) се јавувале во оригинален облик како „ἄρχων“.

<u>**ОПШТИНСКИ АРХОНТИИ** НАМЕСТО ОПШТИНИ</u>: додавка на поимот „општина“ со цел во правно-политичкиот јазик, единиците на месната власт да означуваат „општина на првото (по важност) населено подрачје“, или на пример „Општинска Архонтија Неготино“ кое всушност ќе значи „општина на првото (по важност) населено подрачје Неготино“. Додавката е изведена од горенаведениот поим „архонт“, односно „првенец“.

<u>**ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ** НАМЕСТО ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ</u>: со цел да се оттргне латинскиот поим, како и да се видоизмени значењето од „политички делби“ на народот во „организации кои произлегуваат од народот“.

<u>**ЈАВНИ РАБОТИ** НАМЕСТО ФУНКЦИИ</u>: со цел да се оттргне латинскиот поим, кој иако означува „извршител на државата“, функционерот започна кај народот да се разбира во конформистичка насока и за лична, поточно идиотска благосостојба. Јавните работи ќе означуваат дека носителот ќе треба да „одработи нешто за јавните интереси“.

<u>**ДЕЈНОСТИ** НАМЕСТО ПРОФЕСИИ</u>: измена со цел да се оттргне латинскиот поим кој има повеќесмисловно значење, и прецизирање во правно-политичкиот јазик.

**ЛИЦЕИ** НАМЕСТО УНИВЕРЗИТЕТИ: измена со цел да се оттргне латинскиот поим кој има повеќесмисловно значење, и прецизирање во правно-политичкиот јазик. Поттикнато од називот на перипатетичката Школа на Аристотел, каде на општиот (коине) се јавувала во оригинален облик како „Λύκειον“.

**ЈАВНИ УСТАНОВИ** НАМЕСТО ИНСТИТУЦИИ: измена со цел да се оттргне латинскиот поим кој има повеќесмисловно значење, и прецизирање во правно-политичкиот јазик.

**АГЕМА** НАМЕСТО МАСОНЕРИЈА: поттикнато од стариот назив заословувањето на посебниот воен ред на македонската држава во древните времиња, кој бил составен од високо обучените луѓе-воини коишто ги извршувале најсложените задачи во условите на неред и војна, каде на општиот (коине) се јавувал во оригинален облик како „ἄγημα“ односно „Ἄγω“, и означува „движење“. Во правно-политичкиот јазик ќе означуваат, во потесната смисла „двигател(ите) во чувањето на македонското градилиште/цивилизација“, а во пошироката смисла „двигател(ите) во одржувањето на рамнотежата и во осознавањето на Вистината“. Со Агема ќе се задоволи потребата од врховната власт којашто понекогаш се јавува како неопходност на државата и општеството, воедно и ќе се замени улогата и работата на масонеријата која произлегува од републиканското размислување, од тајна во јавна односно на виделина за народот, и од противуставна во уставна појава.

**СЛОВОПОЛОЖЕНИЕТО НА УСТАВНИОТ ИСКОН**

**(præambulum)**

Исполнети со радост што сме успеале да се избориме за правото на самоопределување, ние кои сме од родот Јафетов, и на кои предокот ни е Мосох, тргнувајќи од вредностите и историското наследство, од времето на владетелската династија на Аргеадите, од времето на владетелската династија на Антипатридите, од времето на владетелската династија на Антигонидите, од вредностите и историското наследство, од времето на владетелската династија на Комитопулите, од времето на владетелската династија на браќата Димитрија Волкашин и Јован Углеша, поттикнати од државно-правното наследство од Кресненскиот Македонски Штаб и Крушевските Одлуки од времето на Востанијата, како и од државотворните историски одлуки на АСНОМ, преку писмото на Светите солунски браќа Кирил и Методиј, и Свети Климент Охридски, македонскиот народ како државотворен народ, ги искажува целите да се создаде на македонското тло, самостојна и лаократска држава, во која преку правичност и законие ќе се заштитуваат правата и слободите на Човекот и државјанинот, во која преку меѓуетничката рамноправност ќе се обезбедува сожителството и мирот помеѓу македонскиот народ со другите етникуми кои живеат во рамките на државата, и во која преку тие состојби ќе се обезбедува стопанскиот напредок и личната благосостојба во заедничкиот живот.

**ДИЈАГРАМАТА ⳨**

**Искон**

Согласно со целите од Уставниот Искон, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат основните одредби, измената на Уставот и меѓународните односи.

**Другите називи**

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Првата Уставна Дијаграма“ или како „Основната Уставна Дијаграма“.

**Член 1**

Името на државата е Македон и државата се устројува како Василија.

Државата е самостојна и лаократска држава.

Суверенитетот на Василијата Македон е неделив, неотуѓив и непреносливи.

**Член 2**

Во Василијата Македон суверенитетот произлегува од македонскиот народ и нејзините државјани и им припаѓа на македонскиот народ и нејзините државјани.

Државјаните на Василијата Македон власта ја остваруваат преку лаократските избрани претставници, по патот на референдумот и другите непосредни облици на изјаснувања.

**Член 3**

Територијата на Василијата Македон е неделива и неотуѓива. Постојаната граница на Василијата Македон е неповредлива.

Границата на Василијата Македон може да се менува само во согласност со Уставот.

**Член 4**

Државјаните на Македон имаат државјанство на Василија Македон.

На државјанин на Македон не може да му биде одземено државјанството, ниту може да биде протеран од Василија Македон, освен врз основа на одлука на кралот и василевс на Македон.

Државјанин на Македон не може да биде предаден на друга држава, освен врз основа на ратификуван меѓународен договор и со одлука на Суд.

**Член 5**

Државните симболи на Македон се грбот со приказот на црвен лав на жолта основа, знамето со приказот на шестнаесеткрако златно сонце со темносина розета на црвена основа и химната.

Химната на Василијата Македон се утврдува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија.

**Член 6**

Главен град на Василија Македон е Скопје.

Главниот град може да се менува и да се именува со Уставна Дијаграма.

**Член 7**

Во Василија Македон службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 8**

Темелни вредности на уставниот поредок на Василија Македон се:

- основните слободи и права на Човекот и државјанинот утврдени со Уставот;
- слободното изразување на етничката припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт;
- слободни, непосредни и лаократски избори;
- правната заштита на сопственост;
- распределбата на општествениот капитал во улога за остварување на општествената правда и мир;
- месната самоуправа;
- уредувањето на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата; и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

**Член 9**

Во Василија Македон слободно е сè што со Уставот и законите не е забрането.

**Член 10**

Уставот на Василијата Македон се изменува и дополнува со Уставните Дијаграми.

**Член 11**

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Василијата Македон може да поднесат кралот и василевс на државата, најмалку триесет претставници или сто и педесет илјади државјани.

**Член 12**

Одлука за пристапување кон измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

Одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

Измената на Уставот ја прогласува Собранието.

**Член 13**

Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот можат да станат дел од внатрешниот правен поредок.

**Член 14**

Меѓународните договори во името на Василијата Македон ги склучува кралот и василевс на Македон.

Меѓународни договори може да склучува и Советот на Пријателите на Македон кога тоа со закон е определено.

**Член 15**

Предлог за стапување во сојуз или заедница со други држави или истапување од сојуз или заедница со други држави можат да поднесат кралот и василевс на државата, Советот на Пријателите или најмалку триесет претставници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави е усвоена, ако на референдум за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

**Член 16**

Оваа Дијаграма влегува во сила со денот на прогласувањето од Собранието на Македонија.

## ДИЈАГРАМАТА Ⰲ

### Искон

Согласно целите од Уставниот Искон, поттикнати од верските учења од Светите Списи, и од повелбите и рамките на меѓународните заедници, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат основните слободи и права на Човекот и државјанинот.

### Другите називи

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Втората Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за Човекот и државјанинот“.

### Член 1

Државјаните на Македон се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, етничкото и сталежното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Државјаните пред Уставот и законите се еднакви.

### Член 2

Животот на Човекот е неприкосновен. Во Василија Македон не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ.

### Член 3

Физичкиот и моралниот интегритет на Човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Се забранува присилната работа.

### Член 4

Слободата на Човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на Судот и во случаи и во постапка утврдена со закон.

Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознаено со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слободата и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.

Притворот до подигнувањето на обвинението, по одлука на Суд, може да трае најдолго сто и осумдесет дена од денот на притворувањето. По подигнувањето на обвинението, притворот го продолжува или го определува надлежниот Суд во случај и во постапка утврдени со закон.

### Член 5

Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.

**Член 6**

Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не било предвидена казна. Никој не може повторно да биде осуден за дело кое веќе бил суден и за кое е донесено правосилна судска одлука.

**Член 7**

Се овозможува целосна сигурност за правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред Суд, управен орган или организација или други органи што вршат јавни овластувања.

**Член 8**

За прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Против конечна одлука за прекршок се овозможува целосна сигурност за судска заштита под услови и постапка уредени со закон.

**Член 9**

Се овозможува целосна сигурност за слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Се овозможува целосна сигурност за слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање установи за јавното информирање.

Се овозможува целосна сигурност за слободниот пристап кон информациите, слободата на примањето и пренесувањето на информациите.

Се овозможува целосна сигурност за правото на одговор во средствата за јавното информирање.

Се овозможува целосна сигурност за правото на исправка во средствата за јавното информирање.

Се овозможува целосна сигурност за правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавното информирање.

Потиснувањето на говорот, јавниот настап, јавното информирање, јавната комуникација и печатот е забрането.

**Член 10**

Се овозможува целосна сигурност за слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникацијата. Само врз основа на одлука на Суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливоста на писмата и другите облици на комуникацијата, ако тоа е неопходно заради спречувањето или откривањето на кривичните дела, заради водењето на кривичната постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на државата.

Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија.

**Член 11**

Се овозможува целосна сигурност за тајноста на личните податоци.

На државјаните им се овозможува целосна сигурност за заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информациите за нив преку обработката на податоците.

**Член 12**

Се овозможува целосна сигурност за слободата на вероисповеста.

**Член 13**

На државјаните им се овозможува целосна сигурност за слободата на здружувањето заради остварувањето и заштитата на нивните политики, стопански, социјални, културни и други права и уверувања.

Државјаните можат слободно да основаат здруженија и политички организации, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Програмите и дејствувањето на здруженијата и политичките организации не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на државата и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на етничка, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Забранети се сите воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Македон.

**Член 14**

Државјаните на Македон имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на оваа право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

**Член 15**

Секој државјанин со наполнети дваесет и една година живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

**Член 16**

Секој државјанин има право да учествува во вршењето на јавните работи.

**Член 17**

Секој државјанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор.

Државјанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело.

**Член 18**

На секој државјанин му се овозможува целосна сигурност за почитувањето и заштитата на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

**Член 19**

Се овозможува целосна сигурност за неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.

**Член 20**

Секој државјанин на Македон има право слободно да се движи на територијата на државата и слободно да го избира местото на своето живеалиште. Секој државјанин има право да ја напушти територијата на државата и да се врати во државата. Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштитата на безбедноста на државата, водењето на кривичната постапка или заштитата на здравјето на луѓето.

**Член 21**

Одбрана на Василија Македон е право и должност на секој државјанин.

Остварувањето на оваа право и должност на државјаните се уредува со закон.

**Член 22**

Странците во Василијата Македон уживаат слободи и права кои се овозможени со целосна сигурност со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори.

## Втор оддел: стопански, семејни, здравствени, работнички и културни права

### Член 23

Се овозможува целосна сигурност за правото на сопственост и правото на наследувањето. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на државата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

### Член 24

Странско лице може да стекнува право на сопственост во Василија Македон под услови утврдени со закон.

### Член 25

Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.

Од овие права вработените не можат да се откажат.

Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективните договори.

### Член 26

Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

### Член 27

Државјаните имаат право на пензиска и здравствена сигурност и пензиско и здравствено осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

### Член 28

Државата се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на државјаните согласно со начелото на социјалната правда.

### Член 29

Државата им овозможува целосна сигурност за посебни права на борците и бранителите од сите народно-ослободителни и одбранбени војни на Македонија и македонскиот народ, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална издршка.

Посебните права се уредуваат со закон.

**Член 30**

Заради остварување на своите права, државјаните имаат право да основаат работнички организации.

Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на работничкото организирање во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

**Член 31**

Се овозможува целосна сигурност за правото на организиран прекин на работа во знак на незадоволство и протест.

Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на организиран прекин на работа во знак на незадоволство и протест во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

**Член 32**

Државјанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.

**Член 33**

Државата му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Бракот е животна заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

Впишана вонбрачна заедница, или било кој друг впишан облик од страна на државата на животно сопружништво, е животна заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон.

Родителите имаат право и должност да се грижат за издржувањето и воспитувањето на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштените родители.

Државата им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителската грижа.

**Член 34**

Право на Човекот е слободно да одлучува за создавање на деца.

**Член 35**

Државата посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Лице помладо од петнаесет години живот не може да биде вработено. Малолетните лица и мајките имаат

право на посебна заштита при работа. Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

**Член 36**

Секој Човек има право на здрава животна средина и право на здрава исхрана. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Државата обезбедува услови за остварувањето на правото на државјаните на здравата животна средина.

Забрането е производство и увоз на храна која има сменети или намалени природни својства по вештачки пат. Забрането е производство и увоз на храна која е штетна по здравјето на луѓето.

**Член 37**

Секој има право на образование. Образованието е достапно за секого. Основното и средното образование е задолжително.

**Член 38**

Државјаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во средното образование.

**Член 39**

Условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Лицеите, се уредуваат со закон.

На приватните високо-образовни установи им се овозможува целосна сигурност за автономија.

**Член 40**

Се овозможува целосна сигурност за слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. Се овозможува целосна сигурност за правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво. Државата го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата. Државата го поттикнува и помага научниот и технолошкиот развој. Државата го поттикнува спортот.

**Член 41**

Припадниците на етникумите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот традиционален идентитет и традиционалните особености на своите етноси и да ги употребуваат симболите на својот етникум.

Припадниците на етникумите имаат право да основаат културни, уметнички, образовни установи, како и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот традиционален идентитет.

**Член 42**

Државата се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците на македонскиот народ од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив.

Државата се грижи за културните, стопанските, здравствените и работничките права на државјаните на државата во странство.

**Трет оддел: целосна сигурност за основните слободи и права**

**Член 43**

Секој државјанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред Судовите и пред Уставниот Суд на Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се овозможува целосна сигурност за судската заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите органи што вршат јавни овластувања.

Државјаните имаат право да бидат запознаени со човековите права и основните слободи и активно да придонесуваат, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

**Член 44**

Во Василија Македон законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

**Член 45**

Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Македонија“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за државјаните.

**Член 46**

Правобранителството е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

**Член 47**

Слободите и правата на Човекот и државјанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на Човекот и државјанинот можат да бидат

ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, Вера, етничко и сталежно потекло, имотна или општествена положба.

Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, правото на здравата исхрана, забраната на мачење, на нечовечкото и понижувачкото постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

**ДИЈАГРАМАТА ♉︎**

**Искон**

Согласно целите од Уставниот Искон и дијалогот помеѓу најбројните верски заедници и државата, поттикнати од богатото наследство од историските времиња на верските заедници кои проповедале на тлото на Македонија, како и од традициите кои произлегуваат од нивните учења, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат верските права и слободи.

**Другите називи**

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Третата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за Верите“.

**Член 1**

Во Василија Македон се овозможува целосна сигурност за јавно, поединечно или во заедница со други верници, пропoвед и изразување на верските традиции на оние верски заедници кои имаат запишано историско постоење и непрекинатост во постоењето повеќе од сто и педесет години на тлото на Македонија.

**Член 2**

Рисјанството, Мухамеданството и Јудејството, претставуваат единствените верски проповеди и традиции во Василија Македон на кои им се овозможува целосна сигурност за полните верски права.

**Член 3**

Од Рисјанството:

- Македонската Православна Црква;
- Гркокатоличкиот Апостолски Егзархат во Македонија;

Од Мухамеданството:

- Исламската Верска Заедница во Македонија;
- Теќињата во Македонија;

Од Јудејството:

- Еврејската Заедница во Македонија.

Горенаведените се верски заедници и групи во Василија Македон кои се слободни во основањето на верски училишта и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Горенаведените се верски заедници и групи во Василија Македон кои се слободни во уредувањето на нивните внатрешни односи. Државата им овозможува целосна сигурност за полните верски права.

**Член 4**

Забрането е организирање, јавна проповед и изразување на верските традиции на кои државата не им овозможува целосна сигурност за полните верски права.

**Член 5**

Забранета е јавната проповед која поттикнува насилство и омаловажување по било кој основ.

**Член 6**

Имотите во сопственост на верските заедници и групи во Василијата Македон претставуваат свети места и се ослободени од било какви јавни давачки и даноци.

**Член 7**

Остварувањето на некое пророштво, визија, мисија, знак или завет, од Светите Списи и учењата на верските заедници со полните права во Василијата Македон, и тоа остварување стане општо позната состојба која е потврдена од челниците на верските заедници со полните права од каде потекнува сознанието за тоа пророштво, визија, мисија, знак или завет, може да ја стави во одложено правно дејство или вон правна сила оваа Дијаграма.

**ДИЈАГРАМАТА ‰**

**Искон**

Согласно целите од Уставниот Искон, поттикнати од богатото политичко и општествено наследство во уредувањето на односите, како и сегашната политичка волја, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат организацијата на законодавната и извршната државна власт.

**Другите називи**

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Четвртата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за државната власт“.

**Член 1**

Собранието на Македонија е претставничкиот орган на државјаните и носителот на законодавната власт на државата.

**Член 2**

Собранието го сочинуваат онолку претставници колку што има општински Архонтии во државата, плус претставниците кои се и архонти на општинските Архонтии. Претставниците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Претставникот ги претставува државјаните и во Собранието одлучува по свое уверување. Претставникот може да биде отповикан. Начинот и условите за избор и отповикување на претставникот се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 3**

Претставниците во Собранието се избираат за време од пет години. Мандатот на претставниците го верифицира Собранието. Мандатот почнува да тече од конститутивната седница во Собранието. Новоизбраното Собрание се составува на конститутивна седница најдоцна дваесет дена по одржаните избори. Конститутивната седница ја свикува претседателот на Собранието од претходниот состав. Доколку не се закаже конститутивна седница во предвидениот рок, претставниците сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите.

Избори за претставници во Собранието се одржуваат во последните деведесет дена од мандатот на стариот претставнички состав или во рок од шеесет дена од денот на распуштањето на Собранието. Мандатот на претставниците во Собранието може да се продолжи само во случај на воена или вонредна состојба. Со закон се утврдува неспојливоста и неизбирливоста на јавната работа претставник во Собранието со вршење на други јавни работи или дејности. Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број на претставници.

**Член 4**

Претставниците уживаат имунитет. Претставникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието. Претставникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Собранието може да одлучи да се примени имунитет над претставник и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на јавната работа претставник. За време на мандатот претставниците не подлежат на обврска во вооружените сили. Претставникот има право на надомест утврден со закон. За извршување на оваа јавна работа, нема да следи паричен надоместок во вид на плата.

**Член 5**

Претставникот може да поднесе оставка. Претставникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието. На претставникот му престанува мандатот кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. На претставникот може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично дело или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на јавната работа претставник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од месец дена. Одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 6**

Собранието е во постојано заседание. Собранието работи на седници. Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието. Собранието донесува Деловник со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 7**

Собранието од редот на претставниците избира претседател и еден или повеќе потпретседатели, со мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Претседателот на Собранието го претставува Собранието, се грижи за примената на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот и со Деловникот на Собранието. Јавната работа претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна работа, дејност или јавна работа во политичка организација. Претседателот на Собранието распишува избори за претставници и за избор на кралот и василевс на државата.

**Член 8**

Собранието на Македонија:

- ги донесува Уставните Дијаграми и го изменува Уставот;
- донесува закон и дава автентично толкување на законите;
- ги утврдува јавните давачки;
- донесува државнички буџет и завршна сметка на буџетот;

- донесува просторен план на државата;
- ратификува меѓународни договори;
- гласа за поддршка за војна и мир;
- донесува одлука за менување на границата на државата;
- донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;
- распишува референдум;
- одлучува за резервите на државата;
- основа совети;
- гласа за доверба за Советот на Пријателите на Македон;
- избира судии на Уставниот Суд на Македонија;
- врши избори, именувања и разрешувања и на другите носители на јавни и други работи утврдени со Уставот и со закон;
- врши политичка контрола и надзор над Советот на Пријателите на Македон и над другите носители на јавни работи што се одговорни пред Собранието;
- дава амнестија; и
- врши други работи утврдени со Уставот.

Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.

**Член 9**

Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број на претставници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните претставници, а најмалку со една третина од вкупниот број претставници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

**Член 10**

Седниците на Собранието се јавни. Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 11**

Право да предлага донесување на закон има секој претставник во Собранието, Советот на Пријателите на Македон, народен правобранител и најмалку десет илјади избирачи.

Поттик за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој државјанин, група државјани, установи и друженија.

**Член 12**

Прашање може да се постави за работата на секој носител на јавната работа, Советот на Пријателите на Македон и секој нејзин член поединечно, како и за работата на државните органи. Прашање можат да поднесат најмалку пет претставници. Претставничкото

прашање може да постави секој претставник. Начинот и постапката на поднесувањето и расправата по прашањето и претставничкото прашање се уредуваат со Деловникот.

**Член 13**

Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Одлуката за референдумот е усвоена, ако за неа гласало мнозинството од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половина од вкупниот број избирачи.

Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку сто и педесет илјади избирачи. Одлуката донесена на референдум е задолжителна.

**Член 14**

Собранието донесува одлука за менување на границата на државата со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Одлуката за менување на границата на државата е усвоена на референдум, доколку за неа гласало мнозинството од вкупниот број на избирачи.

**Член 15**

Законите се прогласуваат со указ. Указот за прогласување на законите го потпишуваат кралот и василевс на државата, и претседателот на Собранието. Кралот и василевс на државата може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број претставници, а кралот и василевс повторно одлучи да не го потпише указот, законот се прогласува со указ потпишан само од претседателот на Собранието. Указот на законот прогласен со указ потпишан само од претседателот на Собранието, може да биде потпишан од страна на кралот и василевс на државата и по прогласот. Кралот и василевс е должен да го потпише указот, доколку според Уставот, законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

За прогласување на законот од одбранбената област, мора указот да има потпис од кралот и василевс на државата.

За прогласување на законот за Советот на Пријателите на Македон, мора указот да има потпис од кралот и василевс на државата.

**Член 16**

Собранието основа постојани и повремени работни тела. Собранието може да основа истражувачки оддели за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Предлогот за основање истражувачки оддел можат да поднесат најмалку петнаесет претставници. Собранието основа постојан истражувачки оддел за заштита на слободите и правата на

државјанинот. Наодите на истражувачките оддели се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните работи.

**Член 17**

Собранието избира народен правобранител. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на државјаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден реизбор. Условите на избор и разрешување, надлежноста и начинот на работата на народниот правобранител се уредуваат со закон.

**Втор оддел: крал и василевс на Македон**

**Член 18**

Кралот и василевс на Македон ја претставува државата. Кралот и василевс на државата е архистратег на вооружените сили на Македон. Кралот и василевс на државата своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

**Член 19**

Кралот и василевс на Македон се избира на општи и непосредни избори со тајно гласање. Кралот и василевс на државата мора да биде државјанин на Василија Македон. За крал и василевс на државата може да биде избрано лице кое на денот на изборите наполнило најмалку дваесет и една година живот. За крал и василевс на државата не може да биде избрано лице кое до денот на изборите не било жител на Василија Македон најмалку десет години во последните петнаесет години. Кралот и василевс на Македон се избира без ограничување на траењето на мандатот.

**Член 20**

Кандидат за крал и василевс на државата можат да предложат најмалку десет илјади избирачи или најмалку триесет претставници. За крал и василевс на државата е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број избирачи. Ако во првиот круг ниту еден кандидат за крал и василевс не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови. Вториот круг на гласање се одржува во рок од четиринаесет дена од завршувањето на првиот круг на гласањето. За крал и василевс е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од седумдесет проценти од избирачите. Доколку и во вториот круг на гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство, се повторува целата изборна постапка. Ако за крал и василевс на државата е предложен еден кандидат, а во вториот круг на гласање не го добил потребното мнозинство, се повторува целата изборна постапка. Во случај на престанок на мандатот на кралот и василевс на државата од кои и да е причини, изборот за нов крал и василевс се

врши во рок од четириесет дена од денот на престанокот на мандатот. Пред преземањето на должноста, кралот и василевс на државата врши церемонија со поглаварот на МПЦ во главниот храм на МПЦ, а потоа дава свечена изјава пред Собранието со која се обврзува на почитувањето на Уставот и законите.

**Член 21**

Во случај на смрт, оставка, трајна спреченост да ја врши должноста или престанок на мандатот по сила на Уставот, до изборот на нов крал и василевс на државата, јавната работа крал и василевс на државата која во овој случај ќе се јави како заштитник на престолот ја врши претседателот на Советот на Пријателите на Македон, освен во случај на престанок на мандатот по сила на Уставот, до изборот на нов крал и василевс на државата, јавната работа крал и василевс на државата која во овој случај ќе се јави како заштитник на престолот ја врши претседателот на Собранието. Настапувањето на условите за престанок на јавната работа крал и василевс на државата го утврдува Уставниот Суд на Македонија по службена должност. Во случај на спреченост да ја врши јавната работа, кралот и василевс на државата го заменува претседателот на Советот на Пријателите на Македон. Кога претседателот на Собранието ја врши јавната работа заштитник на престолот, тој учествува во работата на Собранието без право на одлучување.

**Член 22**

Должноста крал и василевс на државата е неспојлива со вршење на друга јавна работа, дејност или јавна работа во политичка организација. Кралот и василевс на државата ужива имунитет. За одземање на имунитетот на кралот и василевс на државата одлучува Уставниот Суд на Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на судии.

**Член 23**

Кралот и василевс на Македон:

- го избира и разрешува составот на Советот на Пријателите на Македон и претседателот на Советот на Пријателите на Македон;
- ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Василија Македон во странство;
- ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници;
- предлага двајца судии на Уставниот Суд на Македонија;
- предлага двајца членови на Судскиот Совет на Македонија;
- именува тројца членови на Советот за Безбедност на Македонија;
- одлучува за војна и мир;
- одлучува за признавање на држави и влади;
- воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави;

- именува и разрешува и други носители на државни и јавни работи утврдени со Уставот и со закон;
- доделува одликувања и признанија во согласност со закон;
- дава помилување во согласност со закон;
- одлучува за одземање на државјанство и протерување; и
- врши други работи утврдени со Уставот.

**Член 24**

Кралот и василевс на државата го известува Собранието за прашања од неговата надлежност најмалку еднаш годишно. Собранието може да побара од кралот и василевс на државата мислење за прашања од неговата надлежност.

**Член 25**

Кралот и василевс на државата е претседател на Советот за Безбедност на Македонија. Советот за Безбедност на Македонија го сочинуваат кралот и василевс на државата, претседателот на Собранието, претседателот на Советот на Пријателите на Македон, повереniците кои раководат со органите на државната управа во областите на безбедноста, одбраната и надворешните работи, и тројца членови кои ги именува кралот и василевс на државата. Советот ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на државата, објавува војна и мир, и дава предлози на Собранието и Советот на Пријателите на Македон.

**Член 26**

Кралот и василевс на државата е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Постапка за утврдување на одговорност на кралот и василевс на државата покренува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници. За одговорноста на кралот и василевс одлучува Уставниот Суд со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број судии. Ако Уставниот Суд утврди одговорност на кралот и василевс на државата, јавната работа му престанува по сила на Уставот.

**Трет оддел: Советот на Пријателите на Македон**

**Член 27**

Советот на Пријателите на Македон е носител на извршната власт. Сите права и должности Советот ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

**Член 28**

Советот го сочинуваат претседателот и повереniците. Претседателот и повереniците не можат да бидат претставници во Собранието. Претседателот и повереniците уживаат

имунитет. За нивниот имунитет одлучува Собранието. Претседателот и повереницитe не подлежат на обврска во вооружените сили. Јавните работи претседател на Советот на Пријателите и повереник се неспојливи со вршењето на други јавни работи или дејности. Организацијата и начинот на работа на Советот на Пријателите се уредуваат со закон.

**Член 29**

Кралот и василевс во рок од триесет дена од денот на преземањето на должноста, на Собранието му поднесува програма и избраниот состав на Советот на Пријателите. Избраниот состав на Советот се става на гласање во Собранието за доверба. Собранието може да не изгласа доверба на составот на Советот на Пријателите. Гласањето доверба на составот на Советот, се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

**Член 30**

Советот на Пријателите на Македон:

- ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорен за нивното извршување;
- предлага закони, државнички буџет и други прописи што ги донесува Собранието;
- предлага просторен план на државата;
- предлага одлука за резервите на државата и се грижи за нивното извршување;
- донесува уредби и други прописи за извршувањето на законите;
- утврдува начела за внатрешна организација и за работа на поверенствата и другите органи на управата, ја насочува и врши надзор над нивната работа;
- дава мислење за предлозите на законите и другите прописи кои на Собранието му ги поднесуваат другите овластени предлагачи;
- донесува одлуки за отворање на дипломатско-конзуларните претставништва во странство;
- предлага именување амбасадори и пратеници на Василија Македон во странство и именува шефови на конзуларни претставништва;
- предлага јавен обвинител на Македонија по претходно мислење од Советот на Јавните Обвинители;
- врши именувања и разрешувања на носители на јавни и други работи утврдени со Уставот и со закон; и
- врши други работи утврдени со Уставот и со закон.

**Член 31**

Советот на Пријателите и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред кралот и василевс на државата и Собранието. Собранието може да изгласа недоверба на Советот. Прашањето за довербата на Советот можат да постават најмалку дваесет претставници. Гласањето за довербата на Советот на Пријателите се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за довербата. Повторно прашање за доверба на Советот не

може да се постави пред истекот од деведесет дена од последното гласање за доверба, освен ако прашањето за доверба го постави мнозинството од вкупниот број претставници. Одлуката за изгласувањето недоверба на Советот на Пријателите се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Ако на Советот на Пријателите е изгласана недоверба, Советот е должен да си поднесе оставка.

**Член 32**

Советот на Пријателите има право да постави прашање за доверба пред Собранието. Советот на Пријателите има право да поднесе оставка. Советот на Пријателите на кој е изгласана недоверба преку поставеното прашање за доверба во Собранието, или кој поднел оставка, останува на должност до изборот на нов Совет на Пријатели.

**Член 33**

Член на Советот на Пријателите има право да поднесе оставка. Кралот и василевс на државата единствено може да разреши член на Советот. Доколку кралот и василевс на државата разреши повеќе од една третина од членовите на Советот од првобитниот состав, Собранието гласа за доверба како за избор на нов Совет на Пријатели.

**Член 34**

Државната управа ја сочинуваат поверенствата и другите органи на управата и организации утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа. Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија.

**Член 35**

Органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Советот на Пријателите на Македон.

**Член 36**

Со органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие должности биле цивили најмалку три години.

**ДИЈАГРАМАТА ➅**

**Искон**

Согласно целите од Уставниот Искон, и дијалогот помеѓу државата и претставниците со познавања и работно искуство од обласа на правото, поттикнати од богатото наследство на правните решенија и начела, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат Уставниот Суд на Македонија и Судството со Јавното Обвинителство кои ја сочинуваат судската власт.

**Другите називи**

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Петтата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за судската власт“.

**Член 1**

Уставниот Суд на Македонија е органот на државата кој ја штити уставноста и законитоста.

**Член 2**

Уставниот Суд го сочинуваат девет судии. Собранието ги избира судиите на Уставниот Суд со мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Мандатот на судиите трае девет години без правото на повторен избор. Уставниот Суд избира претседател од своите редови за време од три години и без правото на повторен избор. Судиите на Уставниот Суд се избираат од редот на истакнатите правници со работното искуство од најмалку петнаесет години.

**Член 3**

Уставниот Суд на Македонија:

- одлучува за согласноста на законите со Уставот;
- одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на Човекот и државјанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминацијата на државјаните по основ на пол, раса, верска, етничка, сталежна и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на државата и единиците на месната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на кралот и василевс на државата;
- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките организации и на здруженијата; и

- одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

**Член 4**

Јавната работа судија на Уставниот Суд е неспојлива со вршење друга јавна работа и дејност или со членување во политичка организација. Судиите на Уставниот Суд уживаат имунитет. За нивниот имунитет одлучува Уставниот Суд. Судиите на Уставниот Суд не подлежат на обврска во вооружените сили. На судија на Уставниот Суд јавната работа му престанува ако поднесе оставка. Судијата на Уставниот Суд ќе биде разрешен од должноста ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши својата јавна работа, што ја утврдува Уставниот Суд по претходно изготвен извештај на вешто лице.

**Член 5**

Уставниот Суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Уставниот Суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма за политичка организација или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон.

Одлуките на Уставниот Суд се конечни и извршни.

**Член 6**

Начинот на работата и постапката пред Уставниот Суд се уредуваат со акт на Судот.

**Втор оддел: Судство**

**Член 7**

Судската власт ја вршат Судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Забранети се вонредни судови.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на Судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија.

**Член 8**

Судијата се избира без ограничување на траењето на мандатот. Судијата не може да биде преместен против својата волја.

На судијата му престанува јавната работа како судија:

- ако тоа сам го побара;

- ако трајно ја загуби способноста за вршење на судската јавна работа, што го утврдува Судскиот Совет на Македонија по претходно изготвен извештај на вешто лице;
- ако ги исполни условите за старосна пензија;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци; и
- ако е избран или именуван на друга јавна работа, освен кога судската јавна работа мирува под услови утврдени со закон.

Судијата се разрешува:

- поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судската јавна работа пропишана со закон; и
- поради нестручно и несовесно вршење на судската јавна работа под услови утврдени со закон.

**Член 9**

Судиите уживаат имунитет. Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки. Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот Совет на Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Судската јавна работа е неспојлива со членување во политичка организација или со вршење на друга јавна работа или дејност утврдена со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во Судството.

**Член 10**

Врховниот Суд на Македонија е највисок Суд во државата и го обезбедува единството во примената на законите од страна на Судовите.

**Член 11**

Расправата пред Судовите и изрекувањето на пресудата се јавни. Јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон.

**Член 12**

Судот суди во Совет. Со закон се утврдува кога суди судија-поединец. Во судењето учествуваат и судии-поротници кога тоа е утврдено со закон. Судиите-поротници не можат да бидат повикани на одговорност за мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки.

**Член 13**

Судскиот Совет на Македонија е самостоен и независен орган на Судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Советот го сочинуваат петнаесет члена. Десет члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца членови на Советот избира Собранието на Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број претставници. Двајца членови на Советот предлага кралот и василевс на Македон, а изборот го врши Собранието на Македонија, од кои еден е припадник на етникумите кои не се мнозинство во Македонија. Членовите на Советот што ги избира Собранието на Македонија, односно што ги предлага кралот и василевс на Македон се од редот на истакнатите правници со работното искуство од најмалку петнаесет години. Мандатот на избраните членови на Советот трае шест години, без правото на уште еден последователен избор. Условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на јавната работа и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон.

Јавната работа избран член на Советот е неспојлива со членување во политичка организација или со вршење на други јавни работи и дејности утврдени со закон.

**Член 14**

Судскиот Совет на Македонија:

- ги избира и разрешува судиите и судиите-поротници;
- утврдува престанок на судската јавна работа;
- ги избира и разрешува претседателите на Судовите;
- ја следи и оценува работата на судиите;
- одлучува за дисциплинската одговорност на судиите;
- одлучува за одземање на имунитетот на судиите;
- предлага двајца судии на Уставниот Суд на Македонија од редот на судиите; и
- врши други работи утврдени со закон.

Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Македонија, чија форма, содржина и начин на усвојување се уредуваат со закон.

**Трет оддел: Јавно Обвинителство**

**Член 15**

Јавното Обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Јавното Обвинителство ги врши своите работи врз основа на Уставот и законите. Работата на Јавното Обвинителство ја вршат јавниот обвинител на Македонија и јавните обвинители. Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и дејствувањето на Јавното Обвинителство се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија. Јавниот обвинител на Македонија го именува и разрешува Собранието на Македонија за време од шест години со правото на повторно именување. Јавните

обвинители ги избира Советот на Јавните Обвинители без ограничување на траење на мандатот. За разрешување на јавните обвинители одлучува Советот. Надлежноста, составот и структурата на Советот, мандатот на неговите членови, како и основите и постапката за престанок и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон. Основите и постапката за престанок и разрешување на јавниот обвинител на Македонија и јавните обвинители се уредуваат со закон.

Јавните работи јавен обвинител на Македонија и јавен обвинител е неспојлива со членување во политичка организација или со вршење на други јавни работи и дејности утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување на Јавното Обвинителство.

## ДИЈАГРАМАТА Ⰵ

### Искон

Согласно целите од Уставниот Искон, потребата од спречувањето и одбраната на земјата и државата од опасностите што произлегуваат од нашата географска местоположба, и поттикнати од богатото наследство на воено-техничките вештини и воено-правните решенија, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат одбраната на државата, воената и вонредната состојба.

### Другите називи

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Шестата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за одбраната“.

### Член 1

Вооружените сили на Македонија ја штитат територијалната целокупност и независноста на државата. Одбраната на државата се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија. Указот на законот со кој се уредува одбраната на државата мора да има потпис од кралот и василевс на државата за да може законот да биде прогласен и да стапи во сила.

### Член 2

Никој нема право да признае окупација на државата Македон или на нејзин дел.

### Член 3

Воената состојба настапува кога претстои непосредна воена опасност од напад врз државата или кога државата е нападната, или ѝ е објавена војна. Воена состојба прогласува Советот за Безбедност со глас од претседателот на Советот, по предлог од самиот претседател на Советот односно кралот и василевс на државата, Советот на Пријатели или најмалку дваесет претставници од Собранието на Македонија. Одлука за прогласување на воена состојба донесена од претседателот на Советот му ја доставува на Собранието за потврдување доколку е во можност да се состане. Потврдувањето на прогласената воена состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија.

### Член 4

Вонредна состојба настапува кога ќе настанат големи природни непогоди, отсуство и спреченост на спроведувањето на Уставот и законите или епидемиите. Постоењето на вонредна состојба на територијата на државата Македон или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на кралот и василевс на државата, Советот на Пријателите или најмалку дваесет претставници од Собранието на Македонија. Одлуката со која се утврдува

постоење на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број претставници во Собранието на Македонија и има важност најмногу триесет дена. Ако Собранието не може да се состане, одлука за постоење на вонредна состојба донесува кралот и василевс на државата и му ја доставува на Собранието за потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.

**Член 5**

При постоење на воена или вонредна состојба Советот на Пријателите во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила. Овластувањето на Советот на Пријателите да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на воената или вонредната состојба, за што одлучува Советот за Безбедност со глас од претседателот на Советот.

**Член 6**

За време на воена состојба ако Собранието не може да се состане, кралот и василевс на државата може да го именува и разрешува Советот на Пријателите и да именува и разрешува носители на јавни работи чиј избор е во надлежност на Собранието.

**Член 7**

Мандатот на судиите на Уставниот Суд и на членовите на Судскиот Совет се продолжува за време на траењето на воената или вонредната состојба.

## ДИЈАГРАМАТА Э

### Искон

Согласно целите од Уставниот Искон и можностите што произлегуваат од природните богатства, растителниот и животинскиот свет на македонската земја, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат основите на економско-стопанските односи.

### Другите називи

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Седмата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за економското стопанисување“.

### Член 1

Темелните начела на економскиот поредок на Македонија се:

- начело на храна и вода за сите;
- начело на мала, практична и еколошка индустрија;
- начело на биодинамичка земјоделска обработка;
- начело на ограничена урбанизација на градовите;
- начело на државен удел во клучните стопански области;
- начело на мнозински удел во економијата на домашните претпријатија; и
- начело на независна економија - автаркија.

### Член 2

Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Државата обезбедува еднаква правна положба на сите чинители на пазарот. Државата презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на државата и економскиот поредок, зачувување на природата, животната средина или здравјето и природата на човечкото битие.

### Член 3

Сите природни богатства на државата, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за државата и уживаат посебна заштита. Државата гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и етникумите кои живеат околу него, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим. Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за државата можат да се отстапат на користење.

### Член 4

Државата го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и околен развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

**Член 5**

Сопственоста на трудот и вложувањето на капиталот се основите за управување и учество во одлучувањето. Учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз правилата на стручност и компетентност.

**Член 6**

На странските вложувачи им се гарантира правото на слободно изнесување на вложениот капитал и добивката.

**Член 7**

Народен Трезор на Македонија е емисиона банка.

Народниот Трезор е самостоен и одговорен за стабилноста на македонската валута, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во државата и кон странство.

Организацијата и работата на Народниот Трезор се уредуваат со закон.

## ДИЈАГРАМАТА ꙉ

### Искон

Согласно целите од Уставниот Искон, поттикнати од желбата за непосредна и корисна за сите државјани управа на месната власт и водејќи се според темелните начела на економскиот поредок на македонското стопанство, со оваа Уставна Дијаграма се уредува месната самоуправа.

### Другите називи

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Осмата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за месната власт“.

### Член 1

На државјаните им се гарантира правото на месната самоуправа. Месната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници од кои и мнозинство гласови од вкупниот број претставници кои се и архонти во Собранието на Македонија.

### Член 2

Единиците на месната самоуправа се општинските Архонтии и селските Кефалии. Кефалиите спаѓаат во составот на Архонтиите. Во Кефалиите можат да се основаат облици на месна самоуправа.

### Член 3

Еден град во Македонија сочинува една општинска Архонтија и тој град е седиштето на таа Архонтија. Едно село може да сочинува една Кефалија и тоа село е седиштето на таа Кефалија.

### Член 4

Архонтите на општинските Архонтии се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање заедно со собраниските претставници. Архонтот го претставува во Собранието градот и сите државјани од општинската Архонтија од која доаѓаат, и во Собранието одлучува по свое уверување. Начинот и условите за избор на архонтите се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници од кои и мнозинство гласови од вкупниот број претставници кои се и архонти во Собранието на Македонија.

### Член 5

Архонтите како рамноправни учесници во Собранието, ги имаат истите права, обврски и одговорности кои ги имаат и претставниците во Собранието.

**Член 6**

Кефалиите се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Кефалијата го претставува селото и сите државјани од селото од кое доаѓаат во Градскиот Совет, и во Советот одлучува по свое уверување. Начинот и условите за избор на кефалиите се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници од кои и мнозинство гласови од вкупниот број претставници кои се и архонти во Собранието на Македонија.

**Член 7**

Градскиот Совет на општинската Архонтија го сочинуваат архонтот на градот и кефалиите на селата кои се во рамките на таа Архонтија.

**Член 8**

Архонтиите и Кефалиите се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средствата од државата. Забрането е финансирање на Архонтиите и Кефалиите преку заеми од приватните лица.

**Член 9**

Во единиците на месната самоуправа државјаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од местен интерес и значење, а особено во областите на јавните служби, градското и руралното планирање, заштитата на околината, месниот економски развој, месното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Архонтијата е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа ја врши државата. Државата со закон може да ѝ довери вршење на определени работи на Архонтијата.

**Член 10**

Територијалната поделба на државата и подрачјата на Архонтиите и Кефалиите се утврдуваат со закон кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници од кои и мнозинство гласови од вкупниот број претставници кои се и архонти во Собранието на Македонија.

**Член 11**

Градот кој со својата градска средина го надминува бројот на триста илјади жители претставува велеград. Архонтијата со велеград е посебна единица на месната самоуправа, чија организација се уредува со закон. Во Архонтиите со велеград државјаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од значење за Архонтијата со велеград, а особено во областите на јавните служби, градското и руралното

планирање, заштитата на околината, економскиот развој на Архонтијата, финансирањето на Архонтијата, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Архонтиите со велеград се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средствата од државата. Архонтијата со велеград е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа ја врши државата. Државата со закон може да ѝ довери вршење на определени работи на Архонтијата со велеград.

## ДИЈАГРАМАТА Ѳо

### Искон

Согласно целите од Уставниот Искон, поттикнати од многуетничкото општество и долгата многукултурна историја, со оваа Уставна Дијаграма се уредуваат слободите и правата на припадниците на етникумите кои не се мнозинство и кои живеат во рамките на македонската држава.

### Другите називи

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Деветтата Уставна Дијаграма“ или како „Уставната Дијаграма за етникумите“.

### Член 1

Градот кој во својата градска средина го надминува процентот од шеесет отсто жители-припадници на етникумот кој не е мнозински во Македонија од вкупниот број на населението во таа градска средина, и шеесет отсто жители-припадници на истиот етникум кој не е мнозински во Македонија од вкупниот број на населението во рамките на таа општинска Архонтија, создаваат предуслов за Статистички округ со посебни овластувања.

Два или повеќе такви града со своите општински Архонтии, доколку граничат со своите општински граници создаваат Статистички округ со посебни овластувања. Организацијата на Статистичкиот округ со посебни овластувања се уредува со закон кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници од кои и мнозинство гласови од вкупниот број претставници кои се припадници на етникумите кои не се мнозинство во Собранието на Македонија.

### Член 2

Во Статистичкиот округ со посебни овластувања државјаните непосредно преку своите претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од значење за округот.

Управата на Статистичкиот округ со посебни овластувања за своето окружно ниво ги презема овластувањата од поверенствата надлежни во областа на индустријата, земјоделието, сточарството, трговијата, занаетчиството, јавното здравје, трудот и социјалната политика.

### Член 3

Статистичкиот округ со посебни овластувања се финансира од сопствени извори на приходи определени со закон и од приходите на Архонтиите кои спаѓаат во рамките на округот. Половина од годишните приходи на Статистичкиот округ со посебни овластувања одат на сметка на државниот буџет. Забрането е финансирање на Статистичкиот округ со посебни овластувања преку заеми од приватни лица и странски држави.

**Член 4**

Управата на Статистичкиот округ со посебни овластувања се грижи за соодветната и правичната застапеност на државјаните кои припаѓаат на македонскиот народ и другите етникуми помали во процент од вкупното окружно население, во органите на округот и други јавни установи на сите нивоа.

**Член 5**

Во Статистичкиот округ со посебни овластувања јазикот и писмото што го користи мнозинскиот етникум во рамките на округот е и службен јазик на округот покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

**ДИЈАГРАМАТА ⚘**

**Искон**

Согласно целите од Уставниот Искон, поттикнати од учењата на Светите Списи и Верските Текстови кои говорат мудро за воздржувањето, совеста и совесноста, поучени од историјата како учителката на животот за повторувањето на нештата и состојбите временски во круг, и заклучокот дека со надзорот хиерархиски може да се оди во многубројност, гломазност и без посакуван општествен резултат, со оваа Уставна Дијаграма се овозможува присуството на заштитната власт без прекин на воспоставениот правен поредок.

**Другите називи**

Оваа Уставна Дијаграма може да се нарекува и пишува и како „Дијаграма над Дијаграмите“ или како „Уставната Дијаграма за заштитната власт“.

**Член 1**

Агема е органот-чувар на устројувањето на државата како Василија, на независноста на државата, на рамнотежата во општеството и е носителот на заштитната власт.

**Член 2**

Агема е посебно општество во рамките на македонското општество, сочинето од високосовесни луѓе кои живеат според традициите и обичаите на верските заедници со полните верски права.

**Член 3**

Законите за членовите на Агема не важат и се вон правна сила. Извршната, законодавната и судската власт немаат надлежност во рамките на посебното општество.

**Член 4**

Општата организација, хиерархијата, видовите и напредувањето на членовите во хиерархијата, надлежноста, основањето и укинувањето на внатрешните органи и составот на органите на Агема, како и постапката пред нив, се уредуваат со пишани или непишани акти кои ги донесуваат членовите на Агема.

Начинот и условите за избор и протерување на членовите на Агема, се уредуваат со пишан или непишан акт кој го донесуваат членовите на Агема. За членовите на Агема, одговорни се највисоко во хиерархијата членови на Агема.

За основите и првите членови на Агема одговорен е првиот крал и василевс на Македон.

**Член 5**

Агема се финансира од сопствени извори на приходи определени со пишан или непишан акт кој го донесуваат членовите на Агема.

**Втор оддел: кога заштитната власт е во мирување**

**Член 6**

Во мирни времиња за општеството и државата, Агема се грижи во надградбата и напредокот на своите членови и на посебното општество со цел подготовка за времиња кои се одговорност на членовите на Агема.

**Член 7**

Носителите на извршната, законодавната и судската власт можат да побараат мислење за било кое прашање од јавен интерес или од интерес за државата, преку барање во пишана или усна форма, од членовите на Агема.

**Член 8**

Членовите на Агема можат своето мислење за било кое прашање од јавен интерес или од интерес за државата, да го искажат преку средствата за јавното информирање.

**Трет оддел: кога заштитната власт ја презема одговорноста и станува врховната власт**

**Член 9**

Состојба во која Агема презема одговорност во јавните работи настапува кога претстои опасност од промена на устројувањето на државата како Василија, од загрозување на самостојноста, лаократијата и независноста на државата, кога ќе се изгуби рамнотежата во општеството и ќе настане корумпирано однесување со материјата над духот, кога носителите на државната власт противуставно ќе признаат окупација на државата Македон и кога носителите на државната власт ќе го изгубат животот или угледот при нападот врз државата или кога ѝ е објавена војна. Состојба во која Агема презема одговорност прогласуваат највисоко во хиерархијата членови на Агема, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на највисоко во хиерархијата членови во највисокиот во хиерархијата орган на Агема.

Одлука за прогласување на состојба во која Агема презема одговорност во јавните работи донесена од највисоко во хиерархијата членови на Агема, го преобразува носителот на заштитната власт во носител на врховната власт. Како носител на врховната власт Агема може да ги стави носителите, органите и актите на извршната, законодавната и судската власт, или сите заедно, вон сила.

**Член 10**

Кога одлуката за прогласување на состојба во која Агема презема одговорност во јавните работи е донесена заради носителот на извршната власт кој го изгубил животот или угледот

при нападот врз државата или кога ѝ е објавена војна, Агема ги организира отпорот и одбраната, и највисокиот во хиерархијата орган на Агема е архистратег на вооружените сили на Македон.

**Член 11**

При постоење на состојба во која Агема презема одговорност во јавните работи, Агема во согласност со Уставот донесува уредби со законска сила. Овластувањето на највисокиот во хиерархијата орган на Агема да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на состојбата, за што одлучуваат највисоко во хиерархијата членови на Агема, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на највисоко во хиерархијата членови во највисокиот во хиерархијата орган на Агема.

**Член 12**

Оваа Дијаграма влегува во сила со денот на прогласувањето на подготвеност на посебното општество од највисокиот во хиерархијата орган на Агема.